**Почитувани,**

**Фондот за здравствено осигурување Ве известува дека почнувајќи од денот на влегување во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување (Службен весник на Република Македонија бр. 26/2012, согласно член 5 со кој се менува член 18 став 1), односно 29.02.2012 година, надоместокот на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда (боледување), што е во тек и не поминале повеќе од 21 ден од почетокот на истите заклучно со 29.02.2012 година, за првите 30 дена ќе го утврдува и исплатува работодавецот од своите средства.**

**Тоа значи дека доколку на 29.02.2012 година е 21-от ден, или помалку од започнатото боледување на вработениот, кој може да оствари право на надоместок на плата на товар на ФЗОМ, истото до 30-тиот ден треба да продолжи да се исплатува на товар на работодавецот.**

**Во овој пресек ќе влезат сите боледувања што се започнати на 08.02.2012 година или по тој датум, а сите оние што се започнати пред тој датум ќе се исплатуваат по старо, или 21 ден на товар на работодавецот.**

| Датум на прв ден спреченост за работа | Број на денови до 29.02.2012 година | Број на денови на надоместок на плата на товар на работодавецот |
|---|---|---|
| **X** (08.02.2012) | **<=21** | **30** |
| **X** (01.02.2012) | **>21** | **21** |

Примери:

1. Боледувањето е започнато на 01.02.2012 година (прв ден спреченост за работа) и на 29.02.2012 година се уште трае. Во тој случај , надоместокот на плата работодавецот ќе го исплати за **првите 21 ден (по старо)**, а останатите денови се на товар на ФЗОМ, доколку осигуреникот може да го оствари тоа право.

2. Боледувањето е започнато на 08.02.2012 година (прв ден на спреченост на работа) и на 29.02.2012 година се уште трае.Работодавецот ќе ги исплати **првите 30 дена** (по ново) бидејќи на 29.02.2012 година (датумот на влегување во сила на измените на Законот) е 21-от ден од започнатото боледување.